Врз основа на Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл. Весник на РМ број 52 од 16.04..2010), Собранието на Здружението за поддршка и развој „Хуманост“, Скопје, на Седницата одржана на 04.01.2022 година го утврди пречистениот текст на

# СТАТУТ

## на Здружението за подршка и развој " ХУМАНОСТ " Скопје

## (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Постоењето на Здружението за поддршка и развој ХУМАНОСТ е иницирано од група граѓани, сегашни членови на Здружението, врз основа на идентичноста на нивните уверувања и погледи во однос на постоењето на потребата за лицата кои се изложени на ризик од осиромашување и општествено исклучување да ги добијат потребните можности и ресурси за целосно учество во економскиот, општествениот и културниот живот и за уживање на стандардните услови за живеење и социјална сигурност кои се сметаат за нормални во општеството во кое живеат. Ние ќе им овозможи нивно поголемо учество во процесот на донесување на одлуки кои влијаат врз нивниот живот и пристапот до фундаменталните права.

Член 2

Со овој Статут на Здружението за поддршка и развој „ХУМАНОСТ " од Скопје (во натамошниот текст на овој Статут: Статутот) подетално се разработуваат сите прашања од суштествено значение на работата на Здружението, како и сите прашања кои со законските прописи се одредени како прашања кои се регулираат си Статутот на Здруженијата на граѓаните, а особено следните прашања :

1.Име и седиште на Здружението;

2.Правната положба на Здружението;

3.Цели и задачи на Здружението;

4.Облици и начини на дејствувањето на Здружението во

остварувањето на своите цели и задачи;

5.Планирање на активностите и развојот на Здружението;

6.Управување на Здружението;

(органи на управување и одлучување на Здружението; постапки и начин на избор и отповикување на органите на управување и одлучување на Здружението; траење на мандатот на органите на управување и одлучување на Здружението; меѓусебен однос на органите на управување и одлучување на Здружението)

7.Претставување и застапување на Здружението;

8.Остварување на јавноста во работата на Здружението;

9.Стекнување и располагање со имотот на Здружението;

10.Услови и начинот на пристапување на членови на Здружението и престанување на членството во Здружението;

11.Определување на ослови за основање ограноци на Здружението (организациони единици);

12.Здружување на Здружението во други облици за здружување;

13.Времетраењето на Здружението и престанокот на неговата работа и постапување со имотот на Здружението во случај на престанок на неговата работа;

14.Стручна служба на Здружението;

15.Постапка за донесување и измени на Статутот на Здружението; и

16.Преодни и завршни одредби.

Член 3

Примената на одредбите на овој Статут е задолжителна за сите органи, членови и работници на Здружението.

Одредбите на овој Статут ќе се применуваат така како што се утврдени во текстот на овој Статут, а во случај на сомнение за нивното право значение, истите ќе се применуваат така како што ќе ги толкува Собранието на Здружението (автентично толкување).

Надзор врз примената на одредбите од овој Статут го вршат органите на Здружението, секој посебно во делокругот на своите надлежности и овластувања.

Секој од членовите на Здружението има право на органите на Здружението да им укажува на повредите на одредбите од овој Статут и на секоја друга неправилност во примената на истите.

## II. ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 4

Името на здружението гласи:

Здружение за поддршка и развој “ ХУМАНОСТ ” од Скопје

Седиштето на Здружението е на ул. Бранислав Нушиќ бр. 13/1-17, Скопје

Скратениот назив гласи: Здружение ХУМАНОСТ, Скопје

Името на англиски јазик ќе биде Association for Support and Development Humanost

Името, седиштето и скратен назив на името на Здружението можат да се менуваат само на начин и во постапка предвидени за промени на овој Статут.

Член 4-А

Здружението Хуманост отвара свои подружници во следните градови/општини:

1. Здружение за поддршка и развој Хуманост- подружница Бутел
   Ул. Призренска бр. 50/2, Скопје

2. Здружение за поддршка и развој Хуманост- подружница Струмица
   Ул. Мајка Тереза бр. 7/3-17, Струмица

3. Здружение за поддршка и развој Хуманост- подружница Ресен
   ул. Кочо Рацин бб, Ресен

4. Здружение за поддршка и развој Хуманост- подружница Центар
   ул. Црвена Вода бр. 34/1-13, Скопје

5. Здружение за поддршка и развој Хуманост - подружница Ѓорче Петров
   ул. Злате Михајловски 12-11, Скопје

6. Здружение за поддршка и развој Хуманост- подружница Демир Капија
   ул. Првомајска бр. 35, Демир Капија

Член 5

Здружението има тркалезен печат со пречник од 32мм, со следниот текст:
Здружение за поддршка и развој “ ХУМАНОСТ ”Скопје

Во своето работење Здружението користи штембили во правоаголна форма.

Во своето работење Здружението може да користи свој заштитен знак (амблем).

Содржината и големината на штембилот, како и содржината и графичкото решение на заштитниот знак поблиску се одредуваат со посебна одлука на Управниот одбор на Здружението.

Со посебно упатство на Управниот одбор на Здружението детално се уредуваат прашањата за бројот на печатите и штембилите на Здружението, начинот на нивното евидентирање, чување и евентуално поништување и уништување , како и начинот на нивно користење.

Член 5-А

Приоритетна дејност на Здружението е:

94.99- Дејност на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место

Здружението покрај приоритетната дејност, во своето работење ќе ја обавува и следната дејност:

85.59- Друго образование неспомнато на друго место

88.99- Останати дејности на  социјалната заштита без сместување, неспомнати  на друго место

87.20- Дејности на социјална заштита и сместување на лица со интелектуална и/или телесна попреченост, душевно болни и лица зависници од алкохол, дрога и други опојни средства.

87.90- Останати дејности на социјална заштита со сместување неспомнати на други места.

## III.ПРАВНАТА ПОЛОЖБА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

(правен статус на Здружението)

Член 6

Здружението има статус на правно лице кое самостојно трајно ги обавува активностите заради остварување на целите и задачите за чие остварување и е основано, при што Здружението може да се стекнува со права и да презема обврски, да се стекнува со имот, да се јавува како носител на други правни работи, како и да тужи и да биде тужено, со тоа што статусот на правно лице Здружението го стекнува од денот на уписот на регистрацијата на Здружението со соодветниот регистар.

Во правниот промет и спрема трети лица Здружението настапува во свое име и за своја сметка.

Правни застапници на Здружението се Претседателот и Извршниот директор

За своите обврски настанати во правниот промет со трети лица Здружението одговара со целокупниот свој имот  - ЦЕЛОСНА ОДГОВОРНОСТ, додека членовите на Здружението како негови членови не одговараат за обврските на Здружението.

IV. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 7

Постоењето на Здружението за поддршка и развој ХУМАНОСТ е иницирано од група граѓани, сегашни членови на Здружението, врз основа на идентичноста на нивните уверувања и погледи во однос на постоењето на потребата за  лицата кои се изложени на ризик од осиромашување и општествено исклучување да ги добијат потребните можности и ресурси за целосно учество во економскиот, општествениот и културниот живот и за уживање на стандардните услови за живеење и социјална сигурност кои се сметаат за нормални во општеството во кое живеат. Ние ќе им овозможи нивно поголемо учество во

процесот на донесување на одлуки кои влијаат врз нивниот живот и пристапот до фундаменталните права.
Стратешка цел 1: Развивање на формите на вонинституционални социјална заштита
Стратешка цел 2: Едукација според посебни верифицирани програми
Стратешка цел 3: Креирање на политики за лицата во социјален ризик
Стратешка цел 4: Јакнење на капацитетите на младите
Стратешка цел 5: Промовирање на социјално претприемништво
Стратешка цел 6: Вмрежување на Хуманост

## V- ОБЛИЦИ И НАЧИН НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА СВОИТЕ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 8

Во остварувањето на своите цели и задачи, Здружението ќе ги користи следните секторски облици на дејствување:

- Сектор за социјална заштита

- Сектор за психо-социјална поддршка

- Сектор за медицинска нега и помош

- Сектор за едукација

- Сектор за млади

- Сектор за креирање на политики

**односно истото ќе го остварува на следниот начин:**

- Изготвување на анализа за конкретниот начин за унапредување на условите за живеење на лицата во социјален ризик

- Развој на нови социјални услуги во заедницата

- Обуки за сертифицирање на кадар според посебни верифицираната програма

- Организирање на обуки за лицата во социјален ризик и нивно активно учество

- Активно учество на лицата во социјален ризик во креирање на политики на локално и национално ниво

- Партиципативност на младите во процесот на креирање на политики на локално и национално ниво од кои се директно засегнати

- Учество на младите во Европските образовни програми и мобилност

- Промовирање на важноста и можноста на социјалното претприемништво

- Вмрежување на Хуманост во национални и меѓународни мрежи

## VI- ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ И РАЗВОЈОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 9

Управниот одбор на Здружението е должен при донесувањето на годишниот извештај за работата на Здружението во изминатата година, врз основа на анализа на истиот да поднесе и предлог на планот и програмата за работата и развојот на Здружението во наредната година со предлагање на насоките за избор на средствата и начинот за исполнување на истите;

Според годишниот план и програмата за работата и развојот на Здружението, Управниот одбор на Здружението може да донесува и планови и програма за работата и развојот на Здружението во практики и периоди од една година со предлагање на насоките за избор на средствата и начинот на исполнување на истите, како и планови за секоја конкретна акција.

## VII- УПРАВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 10

Со Здружението управуваат членовите на Здружението преку неговите органи.

Органи на управување со Здружението се:

1. Собрание на Здружението
2. Претседател на Здружението
3. Управен одбор на Здружението
4. Надзорен одбор
5. Извршен директор

### 1. Собрание на Здружението

Член 11

.

Собранието на Здружението е сочинетоод сите членови на Здружението, односно нивни овластени застапници доколку членови на Здружението се правни лица.

Член 12

Во остварување на својата функција на управувањето со Здружението, Собранието на Здружението може да одлучува само за работи кои со законот или со овој статут се изричито ставени во негова надлежност, а при тоа:

1. Го донесува Статутот на Здружението, како и другите општи нормативни акти на Здружението за чие донесување Собранието е овластено со овој Статут или со соодветен законски пропис и врши нивни измени или дополненија;
2. Го усвојува годишниот извештај за работата на Здружението во изминатата година и ги донесува планот и програмата за работата и развојот на Здружението во наредната година со одредување на насоките за средствата и начинот на исполнување на истите;
3. Ја усвојува годишната пресметка за работата на Здружението во изминатата година и го донесува финансискиот план за работата на Здружението во наредната година;
4. Одлучува за основање и укинување на огранoци   и други облици на организирање на Здружението;
5. Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
6. Констатира прием на нови членови и престанок на членување;
7. Врши избор и отповикување на членовите на органите на Здружението;
8. Именува свои комисии и други работни тела за извршување на конкретни работи кога за тоа постои потреба;
9. Одлучува за вршење на статусни промени (поделба) на Здружението, за преобразба на Здружението во друго Здружение или за престанок на работата на Здружението;
10. Одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите органи на Здружението;
11. Одлучува за сите други работи кои со законот или со овој статут се ставени во негова надлежност;
12. Дава смерници и упатства за работата на Управниот одбор на Здружението и ја спроведува контролата над неговото работење;

По завршување на секоја година Собранието на Здружението задолжително расправа по прашањата наведени во став 1 точка 1; 2 и 3 од овој член, при што расправата за одобрувањето на работата на Управниот одбор на Здружението секогаш мора да е поврзана со расправата за усвојување на годишната пресметка за работата на Здружението во изминатата година и за донесувањето на финансискиот план за работата на Здружението во наредната година.

Собранието на Здружението дава одобрување за работата на членовите на Управниот Одбор на Здружението и евентуално одобрување на нивната работа во себе не содржи и откажување од правото да се бара  надомест на штетата која е причинета со таквото работење.

Член 13

Собранието на Здружението го свикува и со неговата работа раководи Претседателот на на Здружението.
Претседателот на Здружението се избира за време од две години , а истиот може да поднесе оставка, односно да биде разрешен од должноста пред истекот на мандатот.

Член 14

Собранието на Здружението се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.
Собранието на Здружението го свикува Претседателот на Здружението по сопствена иницијатива, по барање најмалку 1/5 од членовите на Здружението како и по барање на Управниот одбор на Здружението или Надзорниот одбор на Здружението.

Барањето наведено во претходниот став од овој член во писмена форма се поднесува до претседателот на Собранието на Здружението, при што во барањето се наведува целта и причините за свикувањето на Собранието на Здружението.

Доколку Претседателот на Собранието на Здружението врз основа на таквото барање не го свика Собранието на Здружението во рок од 30 дена по добивање на писменото барање,Собранието го свикува Управниот одбор на Здружението или самиот подносител на барањето.

Член 15

Програмата на Собранието може да се однесува на  :

-годишни извештаи од работата на Здружението

-преставување на годишни надворешни финансиски  ревизии

-извештаи од Управниот одбор

-извештај од страна на Извршниот директор за работата на Здружението

-избор на почесни службеници и избор на членови на Управниот одбор со право на глас

-прашања поврзани со сите сфери дефинирани во Одговорностите на Собранието

Член 16

Одлука за свикување на Собранието на Здружението особено содржи:

1. Означување на тоа кој го свикува Собранието на Здружението и по чие барање се прави истото;
2. Точно назначување на денот, времето и местото на одржување на Собранието на Здружението;
3. Предлог на дневниот ред;
4. Назначување на тоа дали материјалите од дневниот ред се доставуваат заедносо поканата или пак тоа каде истите можат да се добијат;
5. Други информации потребни за непречено остварување на работата на Собранието на Здружението;

Член 17

За свикување на Собранието на Здружението членовите на Здружението се известуваат за праќање напокана до сите членови на Здружението, а тоа на начин кој покасно овозможува да се потврди дека поканата е испратена на до секој член на Здружението, со означување на датумот кога поканата е испратена.

Собранието на Здружението може да биде свикано и со објавување на повик на членовите на Здружението да учествуваат во работата на Собранието на Здружението, кој што повик се објавува најмалку во еден од дневните весници.

Кон поканата се приложуваат одлуката за свикување на Собранието на Здружението и писмениот материјал доколку таков е изготвен, а доколку се објавува повик до членовите на Здружението во еден од дневните весници, во повикот се известуваат членовите на Здружението каде можат да се информираат за содржината  на писмениот материјал кој е изготвен за работата на Собранието на Здружението.

Поканата за присуство на Собранието на Здружението и материјалите приложени кон неа, до членовите на Здружението се испраќаат најдоцна 21 ден пред денот на одржување на Собранието на Здружението, кој што рок важи и за објавување и на повикот.

Поканата до членовите на Надзорниот одбор на Здружението се доставува на начин кој покасно овозможува да се потврди дека поканата е испратена до секој член на Надзониот одбор на Здружението, со означување на датумот кога поканата е испратена и со можност да се утврди точниот датум кога истата е примена.

Член 18

Собранието на Здружението на своите седници може да одлучува само по оние прашања кои се уредно ставени на дневниот ред за работата на Собранието на Здружението.

Член 19

Секој член на Здружението има право да учествува во работата на Собранието на Здружението ако со закон не е поинаку определено, при што членот на Здружението има право да учествува во расправата на Собранието на Здружението и да гласа при одлучување на Собранието на Здружението.

На работата на Собранието на Здружението можат да присуствуваат сите заинтересирани субјекти кои не се членови на Здружението и истите можат да учествуваат во работата на Собранието на Здружението со свои дискусии, при што немаат право да учествуваат во одлучувањето (гласањето) на Собранието на Здружението.

Член 20

При отпочнување на работата на Собранието на Здружението за сите членови на Здружението присутни на Собраниетона Здружението се проверува нивното членство врз основа насоодветен документ за членство во Здружението (членска легитимација).

Собранието на Здружението може да одлучува за прашањата кој се на дневен ред ако на седницата на Собранието на Здружението присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членовите на Здружението, освен за оние прашања за кои законот или овој статут не е одреден друг вид на мнозинство.

Ако на Собранието на Здружението не се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членовите на Здружението, повторно се свикува Собранието на Здружението во рок не пократок од 15 дена и повторно свиканото Собрание на Здружението за прашањата кои биле ставени на дневниот ред на прво свиканото Собрание на Здружението може да одлучува без оглед на бројот на присутните членови на Здружението, освен за оние прашања за кои со закон пропишано да се одлучува со соодветно мнозинство.

Член 21

На седницата на Собранието на Здружението задолжително присуствуваат претседателот на Управниот одбор на Здружението и претседателот на Надзорниот одбор на Здружението и Извршниот директор.

На седницата на Собранието на Здружението, по потреба можат да се поканат претставници на институциите на власта, на локалната управа, на одредени стручни институции или поодделени стручни лица, а тоа поради остварување начелото на јавноста во работата или поради пружење на стручна помош во работа на Собранието на Здружението.

Член 22

Собранието на Здружението одлучува на седници.

Собранието на Здружението своите одлуки за прашањата од својот делокруг ги донесува со мнозинство од гласовите од сите присутни членови на Здружението (просто мнозинство) освен во оние случаеви кога со закон или со овој статут не е определено одредени одлуки да се донесуваат со друг вид на мнозинство (квалификувано мнозинство).

Член 23

Начинот на гласањето на членовите на Здружението кои учествуваат во работата на Собранието на Здружението при одлучувањето е јавно, доколку со закон или со овој статут не е пропишано поинаку или кога самото Собрание на Здружението за поодделени случаи не определи поинаку, а во тие случаи се спроведува тајно гласање.

Одлуките на Собранието на Здружението кои се однесуваат на именување или разрешување на членови на органи на Здружението или за повикување на одговорност на членовите на органите на Здружението е секогаш тајно.

Тајно гласање се спроведува во сите оние случаеви кога тоа го побараат најмалку една петина од членовите на Здружението.

Член 24

Членовите на Здружението се потполно независни во правото сами да се определат како ќе гласаат по по одделни прашања за кои расправа Собранието на Здружението.

Во случаевите кога некој од членовите на Здружението за своја сметка или за туѓа сметка по одредени прашања за кои одлучува Собранието на Здружението има спротивен интерес од интересот на Здружението, а лично е запознат со таквата спротивност на интересите, истиот не смее да гласа по тоа прашање.

Член 25

Пред да се пристапи кон гласање по поодделни прашања за кои расправа Собранието на Здружението, секој од членовите на Здружението кој учествува во работата на Собранието на Здружението може да побара известување за состојбата на Здружението во поглед на работите кои се нужни да се знаат заради објективна проценка на прашањето по кое расправа Собранието на Здружението.

При давањето на известувањето побарано во согласност со став 1 од овој член известителот мора своето известување да го даде со потполна примена на начелото на совесност во полагањето на сметки и истото може да се ускрати само во случаевите кога ќе се оцени дека со давањето на таквото известување би се повределе интересите на Здружението или некои јавни интереси кои се позначајни од интересите на членот на Здружението кој го бара таквото известување.

Член 26

Сите одлуки и заклучоци донесени на Собранието на Здружението се изготвуваат во писмена форма и истите ги потпишува претседателот на Собранието на Здружението.

Одлуките на Собранието на Здружението влегуваат во сила со денот на нивното донесување ако со самата одлука не е одредено дека влегувањето во сила на таа одлука е одложено за определено време.

Член 27

За работата на Собранието на Здружението се води записник кој содржи податоци за:

1. Името и седиштето на Здружението;
2. Времето и местото на одржувањето на седницата на Собранието на Здружението;
3. Името на Претседателот на Собранието на Здружението, името на записничарот и името на уверувачот на записникот;
4. Податоци за присуството на членови на Здружението на седницата на Собранието на Здружението;
5. Дневниот ред за работата на Собранието на здружението;
6. Забелешки за водените дискусии по поодделни точки од дневниот ред за работата на Собранието на Здружението;
7. Одлуките кои се донесуваат од страна на Собранието на Здружението со забелешка на текот на гласањето по секоја одлука со податоци за бројот на гласовите кои се за и против секоја одлука поодделно, како и бројот на воздржани гласови;
8. Забелешка за оградување на некој учесник во работата на Собранието на Здружението од некоја одлука која се донесува на Собранието на Здружението, доколку од страна на вложувачот на приговор тоа посебно се бара;
9. Забелешка за сите други позначајни настани  во работата на Собранието на Здружението;

Составен дел од записникот за работата на Собранието на Здружението се писмено изготвените и потпишани одлуки кои се донесени од страна на Собранието на Здружението на таа седница и писмено изготвените материјали по поодделни точки од дневниот ред, како и евентуално приложени материјали од учесниците во работата на Собранието на Здружението.

Записникот за работата на Собранието на Здружението го потпишуваат записничарот и претседателот на Собранието на Здружението, а истиот го уверувачленот на Здружението кој е избран уверувач на записникот.

Записниците од работата на Собранието на Здружението со сите прилози трајно се чуваат во архивата на Здружението.

Член 28

Собранието на Здружението може да донесе посебен деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работата на Собранието на Здружението.

**2. Претседател на Здружението**

Член 29

Претседателот е правен застапник на Здружението. Заседава со седниците на Управниот одбор и со Собранието.

Претседателот се грижи за редовноста на состаноците на Управниот одбор и присуството на неговите членови.

Ја поттикнува и ја мониторира работата на Управниот одбор и другите работни групи.

Се грижи дали сите членови на Управниот одбор се снабдени со сите потребни податоци за работата на Здружението (работни планови, записници од седници, и сл.)

Го промовира Здружението, врши негова промоција и помага во лоцирање на средства. Заедно со Извршниот директор и со Секретарот изработува програма за работните состаноци на Управниот одбор.

Спроведува годишна евалуација на Извршниот директор.

**3.Управен одбор на Здружението**

Член 30

Управниот одбор е орган којшто е овластен од Собранието да ги применува сите

права на Собранието, освен:

-да одобрува одлуки за кои одлучува Собранието

-да менува членови во Управниот одбор или било кој друг одбор именуван од Собранието

Член 31

Управниот одбор ги има и следниве задачи:

-го следи спроведувањето на Статутот, Стратегијата и Програмата на организацијата

-се грижи за работењето и имотот на организацијата

-мониторира и прегледува имплементација на одобрените годишни средства и ако е возможно прави нивна измена

-го контролира начинот на работењето на Извршниот директор

-разгледува и одобрува извештаи од Извршниот директор и ги поднесува до Собранието за усвојување

-ја разгледува завршната сметка и ревизорскиот извештај и ги поднесува за усвојување пред Собранието

-собира и алоцира нови средства

-поднесува нови проекти

-развива политика која ја преставува пред Собранието

-рапортира пред собранието за имплементација на одобрените одлуки

-суспендира и предлага исклучување на членови

-поднесува годишни извештаи за својата работа пред Собранието

Член 32

Седниците на Управниот одбор на Здружението се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш во два месеци.

Управниот одбор на Здружението работи и одлучува на седници.

Управниот одбор на Здружението своите одлуки за прашањата од својот делокруг ги донесува со мнозинство од гласовите од сите присутни членови на Управниот одбор на Здружението (просто мнозинство) освен во оние случаеви кога со закон или со овој статут не е определено одредени одлуки да се донесуваат со друг вид на мнозинство (квалификувано мнозинство).

Член 33

Начинот на гласањето на членовите на Управниот одбор на Здружението при одлучувањето е јавно, доколку со закон или со овој статут не е пропишано поинаку или кога самите членови наУправниот одбор на Здружението за поодделни случаи не определат поинаку, а во тие случаи се спроведува тајно гласање.

Членовите на Управниот одбор на Здружението се потполно независни во правото сами да се определат како ќе гласаат по поеделни прашања за кои одлучува Управниот одбор на Здружението.

Член 34

Сите одлуки и заклучоци донесени на Управниот одбор на Здружението се изготвуваат во писмена форма и истите ги потпишува претседателот на Управниот одбор на Здружението.

Одлуките на Управниот одбор на Здружението влегуваат во сила со денот на нивното донесување ако со самата одлука не е одредено дека влегувањето во сила на таа одлука е одложено за определено време.

Член 35

За работата на Управниот одбор на Здружението се води записник кој содржи податоци за:

1. Името и седиштето на Здружението
2. Времето и местото на одржување наседницата на Управниот одбор на Здружението
3. Податоци за присуството на членови на Управниот одбор на Здружението
4. Дневниот ред за работата на Управниот одбор на Здружението
5. Забелешки за водените дискусии по поодделни точки од дневниот ред за работата наУправниот одбор на Здружението
6. Одлуките кои се донесуваат од страна на Управниот одбор на Здружението  со забелешка  на текот на гласањето по секоја одлука, со податоци за бројот на гласовите кои се за и против  секоја одлука поодделно, како и бројот на воздржани гласови.
7. Забелешка за оградување на некој член на Управниот одбор на Здружението од некоја одлука која ја донесува Управниот одбор на Здружението, доколку од страна вложувачот на приговор тоа посебно се бара
8. Забелешка за сите други позначајни настани во работата на Управниот одбор на Здружението

Составен дел од записникот за работатаУправниот одбор на Здружението се писмено изготвените и потпишани одлуки кои се донесени од страна наУправниот одбор на Здружението на таа седница и писмено изготвените материјали по поодделни точки од дневниот ред, како и евентуално приложени материјали од учесниците во работата наУправниот одбор на Здружението.

Записникот за работата на Управниот одбор на Здружението го потпишуваат записничарот и претседателот Управниот одбор на Здружението.
Записниците од работата Управниот одбор на Здружението со сите прилози е тајно се чуваат во архивата на Здружението.

Член 36

Управниот одбор на Здружението може да донесе посебен деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работата наУправниот одбор на Здружението.

**4.Надзорен одбор на Здружението**

Член 37

Со цел да се врши контрола на наменското користење и располагање со средствата и приходите на Здружението, како и поради остварување и заштита на интересите на членовите поради кои истите и се зачлениле во Здружението, членовите на Здружението имаат право и должност да вршат надзор врз работата на Здружението и врз работата на органите на Здружението.
Членовите на Здружението напред наведената контрола ја вршат непосредно или посредно преку посебен орган.

Член 38

Непосредниот надзор врз работата на Здружението и врз работата на органите на Здружението,членовите на Здружението ја вршат со поставување на конкретни прашања пред надлежните органи на Здружението и барање на конкретни одговори по тие прашања, како и барање на увид во работата на поодделени органи на Здружението.

Посредниот надзор врз работата на Здружението и врз работата на органите на Здружението, членовите на Здружението ја вршат преку посебен орган како постојан орган на Здружението или преку посебно формирани комисии за некој поодделен случај на контрола.

Член 39

За остварување на посредниот надзор врз работата на Здружението и врз работата на органите на Здружението, како и со цел да се врши постојан надзор и контрола на наменското користење и располагање со средствата и приходите на Здружението, во Здружението се формира Надзорен одбор на Здружението.

Надзорен одбор на Здружението брои три члена, кои ги избира Собранието на Здружението за период од 2 години, со тоа што во Надзорниот одбор на Здружението не може да биде именуван претседателот на Собранието на Здружението ниту член на Управниот одбор на Здружението.

Членовите на Надзорниот одбор на Здружението можат повторно да бидат избрани за членови на Надзорниот одбор на Здружението без ограничување на можноста на реизбор.
Со одлуката за избор на членовите на Надзорниот одбор, Собранието на Здружението на еден од избраните членови му ја доверува функцијата претседател на Надзорниот одбор на Здружението.

Член 40

Надзорниот одбор на Здружението контролата во Здружението ја врши со остварување на контрола на:

1. Наменското користење и располагање со средствата и приходите (имотот) Здружението;
2. Спроведувањето на Статутот и другите акти на Здружението
3. Спроведување на одлуките и заклучоците на органите на управувањето на Здружението.
4. Остварувањето на јавноста во работењето на Здружението.

Член 41

Во вршењето на својата функција Надзорниот одбор на Здружението има право да врши увид во целокупната документација за материјалното и финансиското работење на Здружението, односно на неговите органи и од сите останати органи на Здружението да бара посебно писмено образложение за одредени финансиски располагања и користења на средствата и приходите на Здружението.

Своите активности, односно вршењето на контролата, Надзорниот одбор на Здружението ги презема по сопствена иницијатива, како и по барање на Претседателот на Собранието на Здружението или по барање на Управниот одбор на Здружението.
При вршењето на својата функција Надзорниот одбор на Здружението може да одлучи за ангажирање на надворешни соработници и други надворешни извршители за извршување на одредени работи во зависност по потребите на Здружението.

Член 42

Надзорниот одбор на Здружението работи на седници.
Претседателот на Надзорниот одбор на Здружението ги свикува седниците, го предлага днеивниот ред и раководи со седниците на Надзорниот одбор на Здружението.
Надзорниот одбор на Здружението одлучува со мнозинството гласови од вкупниот број на своите членови.
Надзорниот одбор на Здружението донесува заклучоци.

Член 43

За својата работа Надзорниот одбор на Здружението поднесува писмени извештаи до органите на Здружението и членовите на Надзорниот одбор на Здружението се потполно независни во оценката на законитоста на поодделни располагања и користења на средствата и приходите на Здружението, како и на останатите работи врз кои вршат надзор.

**5. Извршен директор и вработени**

Член 44

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението Управниот одбор избира и му дава јавни овластувања на Извршниот директор. Извршниот директор за својата работа е одговорен пред Управниот одбор и Собранието.
–Извршниот директор е правен застапник на Здружението.
–Извршениот директор ќе ги раководи активностите на Здружението согласно со одобрениот работен план и одобрениот финансиски план, и останатите одлуки на годишното Собрание
–Извршен директор е потписник на сметката на Здружението;
–Извршен директор се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Управниот одбор;
–Извршен директор во правниот промет презема мерки и дејствија во име и за сметка на Здружението;
–Извршен директор се грижи за правилната примена на законските прописи од областа на дејностите што ги врши Здружението.
–Извршен директор го следи и контролира административно финансиското работење на здружението и за истото поднесува тромесечен извештај до Управниот одбор.
–Извршен директор врши промоција на активностите на организацијата
–Извршен директор предлага и подготвува нови проекти
–Извршен директор имплементира тековни проекти и може да биде вклучен во истите
–Извршен директор вработува и отпушта лица кои ќе ги изведуваат тековните проекти
–Извршен директор изнаоѓа дополнителни средства за нови проекти
- Извршниот директор е одговорно лице за сите вработени во извршната канцеларија
- Извршниот директор вработува и отпушта лица во извршната канцеларија

Член 44-А

Вработените не смеат да се здобиваат со никаква материјална корист, ниту директно ниту индиректно, користејќи ја својата позиција во Здружението. Ова се однесува на секаква продажба, дистрибуција, промоција на материјали или сервисни услуги.
Вработениот не смее да прима подарок или хонорар од тековен или иден обезбедувач на услуги за Здружението.

**6.Комисии и помошни тела на органите на Здружението**

Член 45

Собранието на Здружението, Управниот одбор на Здружението иНадзорниот одбор на Здружението можат да формираат свои постојани или привремени помошни тела ( комисии, работни групи и сл. ).
Составот на секое помошно тело поодделно се утврдува со самата одлука за неговото формирање и именување на неговите членови.
Помошните тела  помагаат во работата на органот на Здружението  кој ги формирал, при што делокругот и задачите на помошното тело поблиску се утврдува со самата одлука за неговото формирање и при тоа помошното тело не може да биде овластено да одлучува, ниту на него може да биде пренесено некое овластување за одлучување на некој орган на Здружението.

**7.Отповикување и престанок на мандатот на членовите на органите на Здружението**

Член 46

Член на Управниот одбор на Здружението или на Надзорниот одбор на Здружението може да биде отповикан ако постојано не ја врши должноста на член на Управниот одбор на Здружението или на Надзорниот одбор на Здружението, или тоа не го врши во согласност со својата функција , а особено во следните случаи:

1. Ако не работи според насоките на Собранието
2. Ако свесно не ја врши својата должност или истата ја врши на начин спротивен на овој статут и на другите акти на Здружението
3. Ако со своето дејствување и со своите постапки непосредно или преку други лица нанесува штета на угледот на Здружението
4. Ако со своето дејствување и со своите постапки непосредно или преку други лица нанесува штета на имотот на Здружението
5. Ако со правосилна судска одлука е осуден на казна за кривично дело кое го прави не погоден за вршење на функцијата на член на Управниот одбор на Здружението или на Надзорниот одбор на Здружението.

Член 47

Предлогот за отповикување на член на Управниот одбор на здружението или на Надзорниот одбор на Здружението можат да поднесат:

1. Најмалку една петина од вкупниот броја на членови на Здружението.
2. Надзорниот одбор на Здружението
3. Управниот одбор на Здружението
4. Претседателот на Собранието на Здружението

Член 48

Начинот и постапката за отповика начлен на Управниот одбор на Здружението или на Надзорниот одбор на Здружението е идентичен со постапката за нивен избор, односно истото се врши со одлука на Собранието на Здружението.

Член 49

На член на Управниот одбор на здружението или на Надзорниот одбор на Здружението му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран:

1. Со уважување на оставката
2. Со престанок на членството во Здружението
3. Со избор или именување на вршење на функција неспоива со функцијата член на Управниот одбор на здружението или на Надзорниот одбор на Здружението.

**7.Права и должности на членовите на органите на Здружението**

Член 50

Членовите на Управниот одбор на здружението или на Надзорниот одбор на Здружението работат во се според насоките на Собранието на Здружението кое и ги избира и за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.
Членот на Управниот одбор на здружението или на Надзорниот одбор на Здружението има право и должности за сите прашања за кои одлучува органот чиј член е тој да ги изнесува ставовите на Собранието на Здружението и доколку оцени дека останатите членови на оранот чиј член е тој не се придржуваат кон насоките на Собранието на Здружението должен е за оа веднаш да го извести Собранието на Здружението.

**8.Меѓусебен однос на органите на Здружението**

Член 51

Собанието на Здружението е највисок орган на управување на Здружението.
Управниот одбор на здружението и Надзорниот одбор на Здружението се потполно независни во својата работа, но при тоа се должни да работат во се според насоките на Собранието на Здружението кое и ги избира и за својата работа се одговорни пред Собранието на Здружението.

Управниот одбор на здружението и Надзорниот одбор на Здружението имаат право и должност за сите прашања за кои одлучуваат да ја спроведуваат деловната политика на Собранието на Здружението одредена со планот и програмата за работа и развојот на Здружението во согласност со предложение насоките за средствата и начинот на исполнување на истите и доколку оцени дека некој друг орган или комисија, односно помошно тело на некој орган на Здружението во своето работење не се придржуваат кон

насоките за работа дадени од Собранието на Здружението, должен е за тоа веднаш да го извести Собранието на Здружението.

Член 52

Управниот одбор на здружението и  Надзорниот одбор на Здружението се должни да поднесуваат извештај за својата работа до Собранието на Здружението, а Собранието на Здружението својата оценка за работата на Управниот одбор на здружението и Надзорниот одбор на Здружението, ја дава преку оценка на извештајот за работата наУправниот одбор на здружението и  Надзорниот одбор на Здружението.

Доколку оцени дека Управниот одбор на здружението или  Надзорниот одбор на Здружението имаат неправилности во нивното работење, Собранието на Здружението ќе даде смерници за отклопување на утврдените неправилности, а во случаи на утврдување на поголеми неправилности во работата на Управниот одбор на здружението или Надзорниот одбор на Здружението, Собранието на Здружението со својата одлука може да ги разреши од должноста на Управниот одбор на здружението или  Надзорниот одбор на Здружението.

## VIII.- ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 53

Правни застапници на здружениетосе Претседателот и Извршниот директор без ограничување.

Застапник на здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија согласно со закон.

Начинот на именување или избирање на Застапниците на здружението е регулиран во овој Статут.

.

Член 54

Претседателот на Здружението, може, во границите на своите овластувања, да издаде писмено полномошно, односно овластување и на друго лице за склучување на одредени договори или за обавување на конкретни правни дејствија во име и за сметка на Здружението. Полномошното од претходниот став на овој член може да биде генерално или специјално полномошно.

Член 55

Претседателот на Здружението и Извршниот директор  при претставувањето и застапувањето на Здружението во правниот промет и спрема трети лица се самостојни во вршењето на работите од својот делокруг, при што тоа го работи во се во согласност со одлуките и ставовите донесени од страна на Собранието и Управниот одбор на Здружението, а за својата работа е одговорен пред Собранието на Здружението.

Член 56

Во случаевите на отсуство на Претседателот  и Извршниот директор  на Здружението, или во случаеви на нивна спреченост да ја обавуваат својата функција, во правниот промет и спрема трети лица,Здружението го претставува и го застапува лице кое со посебно полномошно е за тоа овластено и именувано од страна на Претседателот на Здружението.

## IX.-ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 57

Работата на Здружението е јавна, која јавност се однесува подеднакво за членовите на Здружението, така и за јавноста во поширока смисла.Членовите на Здружението и во случаевите кога не учествуваат во управувањето со Здружението, имаат право лично да бидат целосно известени за работата и работењето на Здружението и на органите на управување на Здружението.
Известување на членовите на Здружението и на јавноста во поширока смисла се врши преку различни средства и облици, како што се: билети и друг вид на пишувани информации, огласна табла, огласи преку дневниот печат или електронските медиуми, усмено на Собранието на Здружението, по пат на личен увид во деловните книги на Здружението или во друга документација, како и на други погодни начини.

Со цел за остварување на известувањето на членовите на Здружението, во Здружението се обезбедува:

1. Благовремено информирање на членовите на Здружението за предлозите на дневниот ред за работата на Собранието на Здружението
2. Информирање на членовите на Здружението за содржината на одлуките и актите што ги донеле органите на управување на Здружението
3. Правно на членовите на Здружението да присуствуваат на работата и учество во работата на органите на управување на Здружението
4. Право на членовите на Здружението да бараат и да добијат одговор за работата на Здружението
5. Поднесување на извештаи за работата на Здружението, органите на управување на Здружението и стручните служби на Здружението

За известувањето на членовите на Здружението и за обезбедување на јавноста на работата  на здружението во поширока смисла, одговорен е Управниот одбор на Здружението.

Член 58

Во интерес на остварувањето на целите и задачите  на Здружението, одделни податоци за работењето и односите во Здружението претставуваат деловна тајна и можат да се соопштуваат на трети лица само за тоа на дозволен начин.

Чувањето на деловната тајна е право и должност на секој член на Здружението и на секој работник на стручните служби на Здружението.

Покрај податоците кои се со закон прогласени за деловна тајна, како деловна тајна во Здружението се сметаат и:

1. Податоци кои соодветни државни органи ги доставиле до Здружението како доверливи
2. Податоци кои се содржани во понуда за конкурс или јавно надавање се до објавување на резултатите од конкурсот, односно јавно надавање
3. Плановите за физичко и техничко обезбедување на објектите и имотот на Здружението

Документите и податоците кои претставуваат деловна тајна, може на други лица да ги соопштува само Управниот одбор на Здружението или од него овластено лице.

## X.- СТЕКНУВАЊЕ ИМОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 59

Во обавувањето на своите активности заради остварување на целите и задачите за чие остварување и е основано, Здружението може да се стекнува со имот, односно да се јавува како носител на правото на сопственост и на други стварни права.
Здружението своите средства и имот може да ги стекнува на некој од следните начини:

1. Преку уплати на парични средства од страна на членовите на Здружението на име членарини
2. Преку уплати на парични средства од страна на членовите на Здружението или од страна на трети лица на име поклон на Здружението
3. Преку добивање на поклон на подвижен и неподвижен имот

4. Преку купување на подвижен и неподвижен имот со цел да се создаде материјална основа за обавување на активностите на Здружението заради остварување на целите и задачите за чие остварување и е основано Здружението.
5. Здружението може да остварува приходи и од добивката на трговските друштва што ги основало со средствата на здружението и од други извори
6. . Здружението, може да остварува приходи односно да се стекнува со средства и од следните извори на финансирање:

-Доброволни прилози
-Завештанија
-Легати
-Дејности со кои се стекнува добивка
-Кирии и закупнини
-Приходи ос инвестиции
-Дивиденди
-Камати, Заеми,
-и други приходи во согласност со Закон.

7. Здружението може да добива средства од Буџетот на Републиката, Буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на Град Скопје.

Член 60

Управниот одбор на Здружението управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението, при што Управниот одбор на Здружението е должен за имотот на Здружението да се грижи и со истиот да управува како добар стопанственик.

При управување со имотот на Здружението, Управниот одбор на Здружението може:

1. Да изврши замена на делови од подвижниот и неподвижниот имот на Здружението за друг соодветен имот, доколку се оцени дека тоа е по целесообразно за остварување на целите и задачите заради кои е основано Здружението
2. Да врши располагање со паричните средства на Здружението преку нивно доделување со обврска за враќање (позајмици) или преку нивно неповратно доделување на правни и физички лица кои се занимаваат со дејности со кои се врши грижа и сместување на стари и изнемогнати лица, а тоа со цел за подобрување на условите за грижа и сместувањето на стари и изнемогнати лица на подрачјето на кое делува Здружението
3. Да врши изнајмување или поклонување на делови од подвижниот и неподвижниот имот на Здружението на правни и физички лица кои се занимаваат со дејности со кои се врши грижа и сместување на стари и изнемогнати лица, а тоа со цел за подобрување на условите за грижа и сместувањето на стари и изнемогнати лица на подрачјето на кое делува Здружението

## XI. – УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО И ПРЕСТАНУВАЊЕТО НА ЧЛЕНСТВОТО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

1. Пристапување на членови во Здружението

Член 61

Член на Здружението може да биде секој граѓанин или правно лице на Република Македонија ( поединечно членство ) или група на граѓани на Република Македонија ( колективно членување) кои веќе се здружени во некое друго оздружение, кои својата волја за пристапување во членство на Здружението ќе ја изразат доброволно на начин утврден со овој статут.
Странски државјанин може да биде член на Здружението само доколку истиот и предходно во својата земја се занимавал со исти или сродни активности на активностите на Здружението.

Член 62

Зачленувањето во Здружението се врши на доброволна основа со потпишување на пристапница, која при исклучувањето од членството на Здружението или при престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа на членот.

За своите членови, Здружението води регистар на членството, кој регистар го води Управниот одбор на Здружението  и истиот се ажурира еднаш годишно, врз основа на што Собранито на Здружението го констатира приемот на нови членови на Здружението или престанокот на членувањето во Здружението.

2. Престанување на членството во Здружението

Член 63

Членството во Здружението може да престане со доброволно истапување на членот од Здружението или со негово исклучување од Здружението.

Доброволното истапување на членот од Здружението се врши на тој начин што членот на Здружението својата волја за доброволно истапување од Здружението ја соопштува наУправниот одбор на Здружението  во писмена форма и неговото членство престанува со враќање на неговата пристапница, кое нешто се евидентира во регистарот на членството на Здружението.

Престанувањето на членството во Здружението поради исклучување од Здружението се врши со одлука наУправниот одбор на Здружението и тоа во следните случаи:

1. Кога при обавувањето на својата функција во некој од органите на Здружението или при остварувањето на некоја активност на Зружението, ќе го злоупотреби имотот на Здружението  или со својата работа ќе нанесе штети на имотот на Здружението
2. Кога при обавувањето на својата функција во некој од органите на Здружението или при остварувањето на некоја активност на Зружението, со својата работа ќе нанесе штета на угледот на Здружението
3. Кога за своја сметка се занимава со работи кои се спротивни или штетни на целите на Здружението
4. Кога подолго од 1 година не ја подмири својата членарина во Здружението

## XII.- ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ОГРАНОЦИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО (организациони единици)

Член 64

Заради остварување на што поповолни резултати во остварувањето на целите и задачите на Здружението, Собранието на Здружението  може да донесе одлука за основање на ограноци (организациони единици) на Здружението.

Ограноците (организационите единици) на Здружението се организираат на територијален принцип, а во се друго работат според актите на Здружението и се сметаат составен дел на Здружението.
Со основање на ограноци (организациони единици) на Здружението со ништо не смее да се менува статутот на Здружението, односно Здружението не смее да се трансформира во друг вид на правно лице.

## XIII.-ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВО ДРУГИ ОБЛИЦИ НА ЗДРУЖУВАЊЕ

Член 65

Здружението во текот на своето работење може меѓусебно да се поврзува или да се задржува со други Здруженија во сојуз или во други облици на поврзување или здружување со цел заедничко унапредување на работата и активностите на Здружението, за усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која е основано Здружението, како и за остварувања на други прашања од заеднички интерес.

При меѓусебно поврзување или здружување со други Здруженија во сојузи или во други облици на поврзувае или здружување, наведеното поврзување или здружување не смее да влијае на статусот на Здружението.

## XIV.-ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И ПРЕСТАНОК НА НЕГОВАТА РАБОТА

1. Времетраењето на Здружениeто и престанок на неговата работа

Член 66

Членовите на Здружението го основаат ова Здружение на неопределено време се додека постојат услови за негово нормално работење, а Здружението со својата работа може да престане само под услови и на начин утврдени со одредбите на овој Статут во согласност со законот, односно во следните случаеви:

1. Ако Собранието на Здружението донесе одлука за престанување на работата на Здружението, која одлука се донесува со двотретинско мнозинство
2. Ако бројот на членовите на Здружението се намали под законски определениот број за негово основање
3. Ако Уставниот суд на Република Македонија донесе одлука дека програмата и овој статут на Здружението не се во согласност со Уставот
4. Ако се утврди дека Здружението фактички престанало со својата работа
5. Во сите случаеви определени со закон како причина за престанокот на Здружението

Член 67

Доколку настанат околностите наведени во претходниот член од овој статут, па поради тие околности  и дојде до престанување на работата на Здружението, претседателот на Управниот одбор на Здружениетое должен за истото да го извести соодветниот надлежен орган, кој е надлежен за утврдување на престанокот на Здружението.

2. Постапување со имотот на Здружението во случај на престанок на неговата работа

Член 68

Во случај на престанок на работата на Здружението, целокупниот имот и средствата на Здружението се користат  за намирување на обврските на Здружението спрема трети лица.

Имотот и средствата на Здружението кои остануваат по намирување на обврските на Здружението спрема трети лица по престанокот на работата на Здружението се отстапува на правно лице кое во својата дејност претежно се занимава со грижа и сместувањето на стари и изнемогнати лица или пак таквиот имот се отстапува на соодветното минитерство при Владата на Република Македонија.

## XV.-СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 69

Во текот на работењето на Здружението, доколку тоа произлегува од потребите за остварување на целите и задачите на Здружението, Управниот одбор на Здружението може да формира стручна служба  на Здружението.

Стручната служба на Здружението во својот делокруг на работењето може да ги има следните работи:

1. Работи на обезбедување на стручна помош на членовите на Здружението во спроведување на активностите за остварување на целите и задачите на Здружението ( изготвување на програми, изготвување на пропаганден материјал, организирање активности и сл. )
2. Работи за обезбедување на техничка помош на членовите на Здружението во спроведување на активностите за остварување на целите и задачите на Здружението (ракување и одржување на техничките средства, вршење превоз, заштита на имотот и сл.)

Член 70

Доколку е формирана стручна служба на Здружението, одлуката за засновање на работниот однос со Здружението донесува Управниот одбор на Здружението врз основа на претходно утврдени потреби за работници, која потреба ја утврдува Управниот одбор на Здружението и работниот однос на работниците во Здржението се засновува и престанува врз основа на Законот и Колективните договори кои се уредуваат овие прашања на ниво на групација во која припаѓа и Здружението.

Одлуката за престанок на работниот однос со Здружението ја донесува Управниот одбор на Здружението.

Член 71

Работниците во Здружението имаат должност своите работни задачи да ги исполнуваат така што економски оправдано и одговорно ќе ги користат доверените средства и при тоа ќе ги остваруваат планираните резултати на работата.

Работниците во Здружението лично се одговорни за совесното исполнување на своите обврски . Работникот во Здружението дисциплински е одговорен за повредата на работните обврски, при што како повреда на работните обврски се смета она однесување кое е спротивно на утврдените правила на однесување на работникот на работа и кое однесување може да се квалификува како недозволено однесување на работникот на Здружението.
Работникот во Здружението материјално одговара за секоја штета која ќе ја предизвика на Здружението, а предизвикувањето е сторено намерно или од крајна небрежност.

Член 72

Доколку е формирана стручна служба на Здружението, во Здружението се донесува посебен правилник за работни односи, во кој правилник посебно се регулираат следните прашања:

1. Попрецизно одредување на работните задачи на поодделени работни места
2. Условите и постапката за засновање и престанок на работниот однос
3. Потешки и полесни повреди на работните обврски
4. Дисциплински мерки
5. Материјална одговорност
6. Овластени органи за водење на постапката за утврдување на дисциплинската и материјалната одговорност на работниците
7. Постапка за утврдување на материјалната и дисциплинската одговорност на работниците во Здружението

## XVI.- ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНИ НА СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 73

Статутот на Здружението го донесува Собранието на Здружението со мнозинство на гласовите од присутните членови на Здружението кои учествуваат во работата на Собранието на Здружението.
Нацртот на Статутот го изготвува Управниот одбор на Здружението, при што истиот може за изработка на нацртот на Статутот да ангажира и надворешни соработници и стручни лица, при што се формира работна група во која задолжително влегува и еден член на Управниот одбор на Здружението.

Утврдениот нацрт на Статутот на Здружението, Управниот одбор на Здружението го става на разгледување пред членовите на Здружението, најмалку 8 дена пред закажување на седницата на Собранието на Здружението на која се донесува Статутот.

Во овој период секој од членовите на Здружението може да даваат свои  забелешки, предлози и мислења во поглед на предложените решенија на поодделни прашања кои ги содржи нацртот на Статутот на Здружението.

По истекување на рокот за разгледување на нацртот на Статутот на Здружението, Управниот одбор на Здружението го утврдува предлогот на Статутот на Здружението, при што Управниот одбор на Здружението е должен да ги земе во предвид белешките, предлозите и мислењата во поглед на предложените решенија на поодделни прашања кои ги содржи нацртот на Статутот на Здружението, а за тие што нема да ги прифати треба да даде образложение за нивното неприфаќање.

Утврдениот предлог на Статутот на Здружението, Управниот одбор на Здружението го доставува до сите членови на Здружението, најмалку 15 дена пред закажување на седницата на Собранието на Здружението на која се донесува Статутот.

Член 74

Доколку поодделни одредби од овој статут останат без правно дејствие поради промена на законските прописи кои ја регулираат оваа материја  или поради промената на условите во кои дејствува Здружението, членовите на Здружението  истите ќе ги заменат со нови одредби усогласени со соодветните измени на законските прописи, односно условите во кои дејствува Здружението.
Измени и дополнувања на Статутот на Здружението се вршат на начин и во постапка предвидена за неговото донесување.

Постапката за изменување и дополнување на Статутот на Здружението ја покренува Управниот одбор на Здружението по сопствена иницијатива или по иницијатива на Претседателот на Собранието на Здружението, по барање на најмалку 1/5 од членовите на Здружението како и по барање на  Надзорниот одбор на Здружението.

**XVII.-ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
Овој Статут- (пречистен текст) на Здружението “ХУМАНОСТ” од Скопје, со седиште на ул. Бранислав Нушиќ бр. 13//-17 во Скопје е донесен од страна на Собрание на Здружението одржано на ден 04.01.2022 година и влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, 04.01.2022

**Здружение за поддршка и развој**
**ХУМАНОСТ Скопје**
**Ивана Павловска**
**Претседател**

Здружение за поддршка и развој ХУМАНОСТ СКОПЈЕ